АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 09-758/1
27.07. 2022 год.
ВЕВЧАНИ

ВЕВЧАНИ , 27.07.2022 ГОДИНА

СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ
REPUBLIKA E MAQEDONISE SË VERIUT
AGJENCIA PËR PROMOVIMIN DHE PËRKRAHJEN E TURIZMIT
Бр/No 03-76/1
27.07. 2022

АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

И

ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот,

претставувана од

д-р Љупчо Јаневски, директорот

и

Општината Вевчани,

претставувана од

Спасе Кочовски, градоначалник

со следната содржина:

Предмет на мемеморандум

Член 1

Потврдувајќи ја потребата од меѓусебна соработка заради активно унапредување на туризмот, преку формирање на заедничка туристичка понуда, збогатување на туристичките содржини и нивна промоција, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија и Општина Вевчани се согласија да бидат потписници на овој меморандум.

Цели на меморандум

Член 2

Страните потписнички на овој меморандум ќе работаат на исполнување на билатерално утврдените цели кои се во рамки на законските надлежности на двете институции и ќе ги вршат следните активности:

- Создавање на туристички производи, базирани на природните богатства, културата, традицијата, историјата, гастрономијата и др.
- Взаемна размена на информативно-промотивни материјали за потребите на двете институции (броушури, водичи, флаери, ЦД, банери, фотографии и сл)
- Активно учество во работни групи за унапредување на туристичките локации во Вевчани
- Меѓусебно информирање и поддршка при одржување на манифестации и настани во општина Вевчани
- Активна промоција на Вевчански карневал и сите културни настани и манифестации кои се одржуваат во Вевчани
- Размена на годишни акциони планови за туризам и планирање на истите
- Заедничка промоција на веќе постоечките туристички производи, со цел промоција на истите на потенцијалните странски туристички пазари
- Соработка во делот на размена на информации, искуства и добри пракси во делот на туризмот

- Соработка и поддршка на проектите за зачувување на животната средина и одржливиот развој
- Соработка за идентификување на области за подобрување на политиките и развој на приватниот сектор во туризмот
- Соработка во насока на развој на кампинг туризам
- Соработка во насока на развој на гастрономски и екотуризам
- Соработка во насока на искористување на потенцијалите на Вевчани за развој на конгресен и конференциски туризам
- Заедничка подготовка и апликација на проекти за развој на туризмот, до домашни и странски инвеститори

Член 3

Страните потписнички на овој меморандум ќе воспостават поволна клима за инвестиции во областа на туризмот, преку поддршка и давање препораки, проширување на мрежата на соработка со други институции како и меѓусебно информирање за постигнатите резултати произлезени од сите видови на туризам (културен туризам, рурален туризам, еко туризам, гастрономски, манифестациски, конгресен, организиран и индивидуален туризам итн).

Член 4

Страните потписнички ќе ги разменуваат сите информации, вклучувајќи ги и статистичките податоци од областа на туризмот, ќе придонесат во размена на искуство во областа на стручно усовршување на персоналот од туристичката индустрија преку учество и организирање на работилници со цел подигнување на интелектуалниот капацитет и човечките ресурси на двете институции.

Член 5

Страните потписнички ќе се заложат да создадат нови туристички производи, но и во подобрување на политиките и развојот на приватниот сектор во туризмот. Соработката ќе придонесе кон поорганиизрано искористување на туристичките потенцијали на општина Вевчани, што овозможува зголемен број на домашни и странски туристи, следствено зголемени приходи во општината по основ – туризам.

Комуникација

Член 6

Целокупната комуникација во однос на имплементацијата на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и развивана од следните контакти:

<u>За Агенција за промоција и поддршка на туризмот:</u>

- Име и презиме: Валентина Переска
- Позиција: Советник за административна поддршка на проекти
- Тел.: 046 789 428, 071 309 638
- e-mail: valentina.pereska@tourismmacedonia.gov.mk

<u>За општина Вевчани</u>

- Име и презиме: Менка Кукоска
- Позиција: Помалд соработник за Локален Економски Развој
- Тел.: 078 / 223 - 252
- Е-пошта: m.kukoska@gmail.com

Целокупната имплементацијата на активностите договорени во овој Меморандум ќе биде следена и подржана од директорот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот и градоначалникот на општина Вевчани.

Одредби

Член 7

Овој Меморандум се склучува на неопределено време.

Двете договорни страни може еднострано да го раскинат овој Меморандум со достава на писмено известување до другата договорна страна, доколку другата страна не се придржува до одредбите на овој Меморандум и истиот ќе се смета за раскинат по истекот на 10 дена од приемот на писменото известување.

Член 8

Договорните страни се обврзуваат да обезбедат доверливост и сигурност на податоците кои се идентификувани како деловна тајна и да ги преземат сите организациско технички мерки за обезбедување и чување на личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.
Како деловна тајна согласно овој меморандум се сметаат:

- сите податоци за вработените, просториите и средствата на двете договорни страни /како и да се дефинирани во меморандумот;
- настани кои се случиле кај двете договорни страни;
- податоци кои би можеле да ја компромитираат во јавноста која било од двете договорни страни.

По завршување на важноста на овој Меморандум одредбата за чување на деловната тајна и понатаму останува во важност.

Завршни одредби

Член 9

За сето она што не е регулирано со овој Меморандум за соработка ќе се применуваат одредбите од позитивните законски прописи.

Овој Меморандум е составен од два (2) истоветни примероци, по еден (1) за секоја договорна страна.

Овој Меморандум стапува на сила со денот на потпишување на двете договорни страни.

Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Директор,

Д-р Љупчо Јаневски

Општина Вевчани
Градоначалник,

Спасе Кочовски